АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

Примено: Pranuar:		11.11.2026	
Орг. Един. Nj.org.	Број: / Numer:	Прилог: Shtojce:	Вредност: Vlera:
03	4216/1		

ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани

3. **Датум на извршување на надзорот:** 11 ноември 2026 година

4. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, според кој „*За обезбедување на телевизиско или радио емитување покрај условите и обврските пропишани во овој закон, радиодифузерот треба да исполнува посебни минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата*“; и

   - **Член 21 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување** Пречистен текст, бр. 01-3953/1 од 31.10.2023 година), според кој „*Имателот на дозволата за телевизиско емитување на програмски сервис од општ формат е должен во редовен работен однос, **да има најмалку: ...4 (четири) лица кои учествуваат во создавањето на програмата**, ако има дозвола за емитување програма на локално ниво, за подрачје со над 50.000 жители*“ и „*Одговорниот уредник на програмскиот сервис и од општ и од специјализиран формат треба да биде во редовен работен однос*“.

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани **не ги исполнува минималните кадровски услови** утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

Образложение: Врз основа на увид во Податоците од службените евиденции на Агенцијата за вработување на РС Македонија (наш бр.03-4206/1 од 11.11.2026 година) констатирано е дека бројот на вработени во ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани **на 31.10.2026 година изнесува четири, а на 1.11.2026 година и на 11.11.2026 година две лица.**

Причината поради која на 11.11.2026 година се изврши увид во службените евиденции на Агенцијата за вработување, беа податоците содржани во документите за вработените (М1/М2) што оваа телевизија ги достави на 21.10.2026 година и врз основа на кои беше спроведен редовниот надзор на 22.10.2026 година.

Имено, од доставената документација беше видно дека радиодифузерот на денот на доставување на документите има четири вработени лица, но две од нив се пријавени во Агенцијата за вработување на самиот ден на доставувањето на документите, односно по упатеното барање за доставување податоци од страна на Агенцијата.

Ваквите сознанија беа основа за сомнеж дали радиодифузерот го обезбедува пропишаниот минимален број вработени само привремено, и тоа непосредно пред спроведувањето на надзорот, наместо да го одржува во континуитет во текот на вршењето на дејноста.

7. **Предлог мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 21 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (Пречистен текст бр. 01-3953/1 од 31.10.2023 година), а согласно член 82 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според кој Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување, доколку по издавањето на дозволата настанат околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се дава следната предлог мерка:

- директорот на Агенцијата да достави предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани.